| Одговорно/и лице/а на субјектот : | | |
| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
| 1. Себастијан Демиров | / | |
| | | |
| | | |

2 ) Податоци за инспекциски надзор :

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. **ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекциски надзор | | 04.02.2025год.<br>12 часот | |
| Назив на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Ул.,, Веселин Маслеша ,, | | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Јавна Површина | | |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Ул.,, Радика ,, бр.9 | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на ( да се заокружи основот) :

1. Месечен план за работа на инспекциската служба за месец февруари 2025 год.
2. Налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. __________ од __________ год.
3. Налог издаден од претседателот на Инспекциски совет, бр. __________ од __________ год.
4. Записник / Решение за извршен инспекциски надзор ИП1 бр. 69 - 34 од 04.02 2025год.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот) :

1. Гордана Максимовска Овластен инспектор за животна средина

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис) :

Согласно Законот за управивање со дополнителни текови на отпад (Сл. весник на РСМ бр.216/21 и 195/22 ) и член 42 од Законот за инспекциски надзор ( Сл. весник на РСМ бр. 50/10,162/10 ,157/11,147/13,41/14,33 /15,193 /15,53 /16, 11/18,83/18 и 120/18 год.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор :

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник
2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината) :

- ______________________________________________

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од :

| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
|---|---|---|
| 1. Себастијан Демиров | / | |
| | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица :

| | Име и Презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | Ирена Милевска | Општински комунален инспектор |
| 2. | Максимовска Гордана | Општински инспектор за животна средина |
| 3. | Елена Богдановска | Виш соработник |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираат целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба :

На ден 29.11.2024 год. во12:30ч извршен е вонреден инспекциски надзор во Урбаната заедница Карпош 1 "на ул.„ Веселин Маслеша " SK- 506 - OZ, во делот на отстранување на отпадни возила кој се наоѓа на јавна површина, а во сопственост на физичко лице Себастијан Демиров. При увидот е констатирано дека има оставено отпадни возила спротивно на член 8 став 5 од Законот за управивање со дополнителни текови на отпад ( Сл. весник на РСМ бр.216/21 и 195/22 ) односно, забрането е оставање отпадни возила во природа или јавна површина како и расклопување и изведба на други зафати на отпадното возило , надвор од инсталации за намени на таа цел .

По добиените информации од 30.01.2025 год. од Министерството за внатрешни работи за сопственост на возилото , констатирано е дека физичкото лице Себастијан Демиров го поседува возилото ПМВ -марка „ ROVER „ ,тип 220 SD , со регистарска ознака SK -506-OZ со рок на регистрација 06.05.2023 год.

- Врз основа на која (да се заокружи само едно).

1. не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор ;
2. **утврдени се следните нептавилности во работењето на субјектот на надзор, за што се превземени следните мерки :**

- Доставено и Решение за опомена Ип1 бр. 69- 34 од 04.02 2025год.

---

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставник на субјектот на надзорот, кои НЕМАШЕ / ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот :

---

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор : | | Печат и потпис на инспекторот : | |
| Датум : | | Датум : | 4.02.25 |

***Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.***

Примено лично на рака.

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

ИП1 Број : 69-34
Датум :04.02.2025 год.
Скопје

Овластениот инспектор за животна средина при Општина Карпош Гордана Максимовска со службена легитимација Бр.79-0002 изврши вонреден инспекциски надзор врз физичкото лице Себастијан Демиров со адреса на живеење Ул.„ Маџари 2 бр.40 , Скопје, и ја утврди фактичката состојба врз основа на чл. 8 став 5, од Законот за управување на посебни текови на отпад (Сл. Весник РСМ бр.216/21 и 19/22) и чл. 63 од Закон за безбедност во сообраќајот како и Закон за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 44/15, 129/15,192/15 и 39/16 год. Со Записникот ИП1 бр.69 –34 од 04.02.2025 год. го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПОМЕНА

1. **СЕ ОПОМЕНУВА** физичкото лице Себастијан Демиров со адреса на живеење Ул.„ Маџари 2" бр.40, Скопје да ги отстрани недостатоците наведени во Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 бр.69-34 од 02.12.2024 год.
2. Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1. од ова Решение изнесува **5 (пет) дена** од денот кога е констатирана неправилноста наведена во Записникот ИП1 69 - 34 од ден 04.02 2025 год.
3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 на ова Решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а **најдоцна од 5 дена, писмено и/или по електронски пат да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.**
4. Жалбата против ова Решение не го одложува неговото извршување.

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

О б р а з л о ж е н и е

Општинскиот инспектор за животна средина Гордана Максимовска врз основа на член чл.8 став 5, од Законот за управување на посебни текови на отпад ( Сл. Весник РСМ бр.216/21 и 19/22) и чл. 63 од Закон за безбедност во сообраќајот како и Закон за инспекциски надзор ( Сл. весник на РСМ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 44/15, 129/15,192/15 со службена легитимација Бр.79-0002 изврши вонреден инспекциски надзор врз физичкото лице Себастијан Демиров со адреса на живеење Ул.„ Маџари " бр.40, Скопје при што е составен вонреден Записник со ИП1 бр. 69-34 од 04.02.2025год. год во кој е констатирано дека физичкото лице не се придржува на законските одредби согласно горенаведените закони.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може незадоволната странка може да поднесе жалба во рок од 8 дена преку Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната комисија, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Жалбата се таксира 250,00денари административни таксени марки и се поднесува во три примероци.

Решено во општина Карпош под број ИП1 бр.69 –34 од 04.02.2025 год.

Доставено до:

- Архива
- Странката

ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Гордана Максимовска

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**ИП1 Број : 68-32**
**Датум : 03.02.2025 год.**

1) **Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор :**

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | ДПТУУ АЕРОДОМ ДООЕЛ Скопје | |
| Седиште/ адреса на субјектот | Бул. Јане Сандански бр. 25-3/25, Скопје | |
| Адреса за е – пошта | aerodomskopje@gmail.com | |
| Телефон | 078/253-625 | |
| Матичен број на субјектот | 7511701 | |
| Даночен број на субјектот | 4058021539239 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот : | | |
| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
| Бошко Петковски – управител | 078-253-625 | |

2 ) **Податоци за инспекциски надзор :**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | | 2. ВОНРЕДЕН | |
| Датум на почеток на инспекциски надзор | 03.02.2025 год | 10.00 часот | |
| Назив на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Колективна станбена зграда | | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Колективна станбена зграда | | |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. Драгиша Мишовиќ бр.3/4, Скопје | | |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на ( да се заокружи основот) :**

1. Месечен план за работа на инспекциската служба за месец 02.2025 год.
2. Налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. __________ од __________ год.
3. Налог издаден од претседателот на Инспекциски совет, бр. __________ од __________ год.
4. Записник / Решение за извршен инспекциски надзор бр. __________ од __________ год.

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот) :**

1. Богданка Милошевиќ Мучева – општински инспектор за домување

5) **Предмет на инспекцискиот надзор:**

1. Предмет на надзорот е вршење на инспекциски надзор во врска со пријава бр. 68-306/1 од 14.01.2025 година од Верица Цолиќ со адреса на ул. Драгиша Мишовиќ бр.[redacted] Скопје, во врска со нејзино назначување како претставник во колективната станбена зграда од страна на управителот и за вршење надзор над работата на управителот

6) **Во извршувањето на овој инспекциски надзор :**

1. ~~Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник~~
2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината) : вонреден надзор

7) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од :**

| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
|---|---|---|
| Бошко Петковски | 078-253-625 | |

8) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица :**

| | Име и Презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | / | |

9) **Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираат целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.**

10) **Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба :**

Од страна на Верица Цолиќ до општинскиот инспектор за домување е доставена иницијатива за инспекциски надзор бр. 68-306/1 од 14.01.2025 година, во која пријавува дека без нејзино знаење е назначен како член на одбор во зграга на ул. Драгиша Мишовиќ бр. [redacted] Скопје, каде и што живее, од страна на Претседателот на ЗС – Тихомир Јаневски и фирма управител Аеродом Дооел Скопје, кои

ја управуваат зградата. Исто така, пријавителката побарала при разговор со инспекторот да се провери склучувањето на договорот со фирмата управител како и да се изврши надзор врз Претседателот на ЗС и неговото непостапување во смисла на неповедување на постапка за присилна наплата на долг на станари кои не ги подмируваат редовно своите обврски спрема Заедницата на сопственици. За претседателот ќе биде поведена посебна одвоена постапка.
Во поглед на барањата за фирмата управител, инспекторот ги повикал на увид во канцелариите на Сектор Инспекторат и истите уредно се одзвале на ден 03.02.2025 година.
При увидот управителот Бошко Петковски напоменал дека Претседателот на ЗС во вибер група и понудил на пријавителката да биде претставник на станарите од нејзиниот влез, што е потврдено и од Претседателот Тихомир Јаневски и доставен е доказ за истото, увид во пораките во вибер групата, каде што пријавителката се изјаснила дека не сака да биде дел од надзорниот одбор како и дека не сака да биде претставник на влезот , по што таа не е избрана за понудената функција.
При увидот бил доставен договорот за управувачки работи како и тековна состојба на фирмата бр. 0805-50/150020240388541 од 06.11.2024 година.
При разгледување на документацијата како и изјавите на управителот Бошко Петковски и Претседателот на ЗС Тихомир Јаневски е констатирано дека при склучување на договорот со АЕРОДОМ Дооел Скопје, заедницата на сопственици не била избришана, спротивно на член 22 став 5 од Законот за домување. Во текот на управувањето на фирмата управител во месеците 12.2024 и 01.2025 година, Заедницата на сопственици била активна, што значи дека договорот со фирмата не бил склучен согласно Закон и не биле исполнети условите за негово склучување. Исто така е констатирано и дека самото назначување на спомената фирма не е согласно член 18 став 1, односно не е донесена Одлука за определување управител со гласање на половина од сопствениците на посебните делови.
Од таа причина, инспекторот ќе донесе Решение за Опомена за раскинување на Договорот за управувачки услуги ВЕДНАШ по приемот на истото, како и сторнирање на сметките за 01.2025 година, за кои ќе биде задолжен Претседателот на ЗС да ги издаде кон станарите. За сметката на 12.2024 година, од причина што услугата е доставена од страна на фирмата а дел од станарите веќе ја платиле сметката, не е целисходно ниту во интерес на станарите да се врши враќање на уплати кои после тоа повторно ќе треба да ги платат за истите услуги, и од таа причина таа сметка инспекторот смета дека уплатите треба да останат спрема давателот на услугите.
**врз основа на која (да се заокружи само едно) :**

- ~~1. Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор и постапката се запира поради неутврдени неправилности ;~~
- **2. Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се превземени следните мерки :**
- **Ќе биде донесено Решение за опомена согласно член 120 став 2 од Законот за домување**

**11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставник на субјектот на надзорот, кои НЕМАШЕ / ИМАШЕ забелешки.**

**12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот :**

-

-

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор : | | Печат и потпис на инспекторот : | |
| Датум : | | Датум : | 03.02.2025 година |
| *Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.* | | | |

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Ип1 Број: 68 -32
Датум: 04.02.2025
Скопје

Секторот инспекторат – Одделение за комунална инспекција преку општински инспектор за домување, Богданка М. Мучева, дипл. правн. со службена легитимација број 79-0001 , изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор **АЕРОДОМ ДООЕЛ Скопје** со адреса на бул. „Јане Сандански„ бр. 25-3/25, Скопје, со Записник Ип1 бр. 68-32 од 03.02.2025 година за домување, врз основ на член 120 став 2 од Законот за домување (“Службен весник на РМ “ бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 ,64/18,302/20 и 150/22), го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1) **СЕ ОПОМЕНУВА ДПТУУ АЕРОДОМ ДООЕЛ Скопје** со адреса на бул. „Јане Сандански„ бр. 25-3/25, Скопје,да **ГИ ОТСТРАНИ НЕДОСТАТОЦИТЕ УТВРДЕНИ СО** Записник за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 бр. 68-32 од 03.02.2025 година , односно ВЕДНАШ по приемот на решението да го раскине Договорот за управувачки услуги со колективна станбена зграда на ул. Драгиша Мишовиќ бр.3, Скопје.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение е **ВЕДНАШ** по денот на приемот

3) Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена , писмено и/или по електронска пошта dance.milosevic@karpos.gov.mk , да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) Жалбата изјавена против ова Решение, не го одлага неговото извршување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Сектор инспекторат, врз основа на член 120 став 3 , од Законот за домување (“Службен весник на РМ “ бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18), преку општински инспектор за домување, Богданка Милошевиќ Мучева, дипл. правн. изврши вонреден инспекциски надзор во врска со пријава бр. 68-306/1 од 14.01.2025 година од Верица Цолиќ со адреса на ул. Драгиша Мишовиќ бр. [redacted], Скопје, во врска со нејзино назначување како

претставник во колективната станбена зграда од страна на управителот и за вршење надзор над работата на управителот.
Исто така, пријавителката побарала при разговор со инспекторот да се провери склучувањето на договорот со фирмата управител како и да се изврши надзор врз Претседателот на ЗС и неговото непостапување во смисла на неповедување на постапка за присилна наплата на долг на станари кои не ги подмируваат редовно своите обврски спрема Заедницата на сопственици. За претседателот ќе биде поведена посебна одвоена постапка.
Во поглед на барањата за фирмата управител, инспекторот ги повикал на увид во канцелариите на Сектор Инспекторат и истите уредно се одзвале на ден 03.02.2025 година.
При увидот управителот Бошко Петковски напоменал дека Претседателот на ЗС во вибер група и понудил на пријавителката да биде претставник на станарите од нејзиниот влез, што е потврдено и од Претседателот Тихомир Јаневски и доставен е доказ за истото, увид во пораките во вибер групата, каде што пријавителката се изјаснила дека не сака да биде дел од надзорниот одбор како и дека не сака да биде претставник на влезот , по што таа не е избрана за понудената функција.
При увидот бил доставен договорот за управувачки работи како и тековна состојба на фирмата бр. 0805-50/150020240388541 од 06.11.2024 година.
При разгледување на документацијата како и изјавите на управителот Бошко Петковски и Претседателот на ЗС Тихомир Јаневски е констатирано дека при склучување на договорот со АЕРОДОМ Дооел Скопје, заедницата на сопственици не била избришана, спротивно на член 22 став 5 од Законот за домување. Во текот на управувањето на фирмата управител во месеците 12.2024 и 01.2025 година, Заедницата на сопственици била активна, што значи дека договорот со фирмата не бил склучен согласно Закон и не биле исполнети условите за негово склучување. Исто така е констатирано и дека самото назначување на спомената фирма не е согласно член 18 став 1, односно не е донесена Одлука за определување управител со гласање на половина од сопствениците на посебните делови.
Од таа причина, инспекторот носи Решение за Опомена за раскинување на Договорот за управувачки услуги ВЕДНАШ по приемот на истото, како и сторнирање на сметките за 01.2025 година од страна на субјектот на надзор, за кои ќе биде задолжен Претседателот на ЗС да ги издаде кон станарите. За

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

сметката на 12.2024 година, од причина што услугата е доставена од страна на фирмата а дел од станарите веќе ја платиле сметката, не е целисходно ниту во интерес на станарите да се врши враќање на уплати кои после тоа повторно ќе треба да ги платат за истите услуги, и од таа причина таа сметка инспекторот смета дека уплатите треба да останат спрема давателот на услугите.

Решено во Општина Карпош под ИПбр. 68-32 од 04.02.2025 год.

ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ДОМУВАЊЕ

Богданка Милошевиќ Мучева, дипл.правн.

**ЗАПИСНИК**
**за извршен контролен инспекциски надзор**

**ИП1 Број : 68-477**
**Датум : 03.02.2025 год.**

1) **Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор :**

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Билдинг Менаџер ДОО Скопје | |
| Седиште/ адреса на субјектот | Никола Парапунов бр.3/2-1, локал 56, Скопје | |
| Адреса за е – пошта | contact@buildingmanager.mk | |
| Телефон | 078/302-035 | |
| Матичен број на субјектот | 7353057 | |
| Даночен број на субјектот | 4057019545624 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 210073530570132 | |
| Банка депонент | НЛБ Банка АД Скопје | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот : | | |
| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
| Александар Пеновски – управител | 074-200-372 | |
| | | |
| | | |

2 ) **Податоци за инспекциски надзор :**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | | | 3.КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекциски надзор | 03.02.2025 год | 10.00 часот | |
| Назив на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Колективна станбена зграда | | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | | | |

| | |
|---|---|
| Адреса на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. Варшавска бр.7, Скопје |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на ( да се заокружи основот) :**

1. Месечен план за работа на инспекциската служба за месец 02.2025 год.
2. Налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. __________ од __________ год.
3. Налог издаден од претседателот на Инспекциски совет, бр. __________ од __________ год.
4. Записник / Решение за извршен инспекциски надзор бр. __________ од __________ год.

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот) :**

1. Богданка Милошевиќ Мучева – општински инспектор за домување

5) **Предмет на инспекцискиот надзор:**

1. Предмет на надзорот е вршење на контролен инспекциски надзор во врска со донесено Решение за опомена Ип1 бр. 68-477 од 20.01.2025 година

6) **Во извршувањето на овој инспекциски надзор :**

1. ~~Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник~~
2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината) : вонреден надзор

7) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од :**

| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
|---|---|---|
| Александар Пеновски | 074-200-372 | |

8) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица :**

| | Име и Презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | / | |

9) **Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираат целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.**

10) **Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба :**

Од страна на Кирил Каракиров, сопственик на стан на ул. Варшавска бр. [redacted], Скопје, била доставена пријава бр. 68-8783/2 од 11.12.2024 година, во која бара да се провери дали управителот на споменатата колективна станбена зграда постапил спротивно на член 22 став 5 од Законот за

домување односно, дали управителот склучил договор со сопствениците во колективната зграда без претходно да е извршено бришење на заедницата на сопственици.
Инспекторот ги повикал на увид претставниците на управителот кои уредно се одзваа на поканата.
При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот ја разгледал Тековната состојба бр. 0805-50/150120240029942 од 03.12.2024 година за Заедница за сопственици на станбена зграда на ул. Варшавска бр. 7, Скопје – Карпош, со ЕМБС 6658792 и ЕДБ 4057010510470 со Овластено лице – Кирил Каракиров како Претседател на ЗС и утврдил дека Заедницата на сопственици не е избришана, односно сеуште е активна. И покрај тоа, управителот Билдинг Менџер ДОО Скопје на ден 01.03.2021 година склучил договор за управувачки услуги со бр. 03-36 со што ја превземал колективната станбена за управување спротивно на челн 22 став 5 од Законот за домување.
При разговор со управителот, истиот се изјаснил дека немале информација дека Заедницата на сопственици е сеуште активна ниту пак некој од станарите или Претседателот ги известиле дека истата не е избришана од Централен Регистар.
За тврдењето на овластеното лице на управителот дека Билдинг Менаџер ДОО законски е назначен за управител на колективната станбена зграда, инспекторот констатираше дека и покрај тоа што законската процедура за назначување на управителот е исполнета, сепак тоа не ја намалува одговорноста за склучување на договорот без претходно бришење на заедницата. Инспекторот ги имал во предвид наводите на управителот дека истиот немал информација за постоењето на Заедницата и фактот дека ниту еден станар од зградата не доставил иницијатива за инспекциски надзор до инспекторот за истата работа, освен Претседателот, кој не доставил доказ дека ги информирал во било кој момент од склучувањето на договорот дека Заедницата е активна и дека тој е Претседател на истата. Исто така инспекторот како олеснителна околност го земал и фактот дека Претседателот знаел за склучувањето на договорот за вршење управувачки услуги бр. 03-36 од 01.03.2021 година, односно веќе скоро 4 години, што значи дека скоро 4 години пријавителот имал сознание дека Заедницата е активна а договор со управител е склучен спротивно на член 22 став 5 од Законот за домување, и прв пат во 12.2024 година доставува иницијативна за инспекциски надзор до Инспекторот за домување. За се погоре споменато е составен Записник за извршен вонреден инспекциски надзор Ип1 бр. 68-477 од 30.12.2025 година и Решение за Опомена Ип1 бр. 68-477 од 20.01.2025 година со рок од 8 дена за отстранувањето на недостатоците односно за бришење на Заедницата од Централен регистар.
При вршење на контролен надзор на ден 03.02.2025 година, е констатирано дека Заедницата на сопственици е сеуште активна од причина што, за бришење на истата пријава може да поднесе Претседателот на ЗС, односно пријавителот во случајов и истата мора да биде заверена со печат од Заедницата, и иако субјектот на надзор поднел пријава за бришење, добил Известување со бр. 30120250000516 од Централен регистар дека пријавата треба да се корегира согласно претходно кажаното.
Бидејќи нема начин да се корегира проблемот односно Заедницата не може да биде избришана од страна на избраната фирма за управување, инспекторот ќе го задолжи пријавителот да постапи согласно Одлуката на станарите за бришење на заедницата, а на субјектот на надзор со Решение за задолжување ќе му наложи да го раскине договорот со колективната станбена зграда.

врз основа на која (да се заокружи само едно) :

- ~~1. Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор и постапката се запира поради неутврдени неправилности ;~~
- 2. Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се превземени следните мерки :
- Ќе биде донесено Решение за задолжување согласно член 120 став 1 од Законот за домување

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставник на субјектот на надзорот, кои НЕМАШЕ / ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот :

- ________________________________________
- ________________________________________

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор : | | Печат и потпис на инспекторот : | |
|---|---|---|---|
| Датум : | | Датум : | 03.02.2025 година |
| *Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.* | | | |

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Ип1 Број: 68 -477/2024
Датум: 04.02.2025
Скопје

Секторот инспекторат – Одделение за комунална инспекција преку општински инспектор за домување, Богданка М. Мучева, дипл. правн. со службена легитимација број 79-0001 , изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор **Билдинг Менаџер ДОО Скопје** со адреса на ул. „Никола Парапунов„ бр. 3/2-1 локал 56 Скопје, со Записник за извршен контролен инспекциски надзор Ип1 бр. 68-477 од 03.02.2025 година за домување, врз основ на член 120 став 2 од Законот за домување (“Службен весник на РМ “ бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 ,64/18,302/20 и 150/22), го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1) **СЕ ЗАДОЛЖУВА БИЛДИНГ МЕНАЏЕР ДОО Скопје со адреса на ул. Никола Парапунов бр.3/2-1 лок 56, Скопје да ГИ ОТСТРАНИ НЕДОСТАТОЦИТЕ УТВРДЕНИ СО** Записник за извршен контролен инспекциски надзор ИП1 бр. 68-477 од 03.02.2025 година односно во рок од 8 дена од денот на приемот на ова Решение за го раскине Договорот за управувачки услуги бр. 03-36 од 01.03.2021 година без отказен рок

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение е **8 дена** од денот на приемот

3) Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена , писмено и/или по електронска пошта dance.milosevic@karpos.gov.mk , да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) Жалбата изјавена против ова Решение, не го одлага неговото извршување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Сектор инспекторат, врз основа на член 120 став 3 , од Законот за домување (“Службен весник на РМ “ бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18), преку општински инспектор за домување, Богданка Милошевиќ Мучева, дипл. правн. изврши вонреден инспекциски надзор во врска со пријава бр. 68-8783/2 од 11.12.2024 година од Кирил Каракиров со адреса

на ул. Варшавска бр. [redacted], Скопје а поради склучениот Договор за вршење управувачки услуги бр. 03-36 од 01.03.2021 година на Билдинг Менаџер ДОО Скопје со колективна станбена зграда на ул. Варшавска бр.7 во Скопје, во поглед на постапување спротивно на член 22 став 5 од Законот за домување.

Инспекторот ги повикал на увид претставниците на управителот кои уредно се одзваа на поканата. При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот ја разгледал Тековната состојба бр. 0805-50/150120240029942 од 03.12.2024 година за Заедница за сопственици на станбена зграда на ул. Варшавска бр. 7, Скопје – Карпош, со ЕМБС 6658792 и ЕДБ 4057010510470 со Овластено лице – Кирил Каракиров како Претседател на ЗС и утврдил дека Заедницата на сопственици не е избришана, односно сеуште е активна. И покрај тоа, управителот Билдинг Менџер ДОО Скопје на ден 01.03.2021 година склучил договор за управувачки услуги со бр. 03-36 со што ја превземал колективната станбена за управување спротивно на челн 22 став 5 од Законот за домување.

При разговор со управителот, истиот се изјаснил дека немале информација дека Заедницата на сопственици е сеуште активна ниту пак некој од станарите или Претседателот ги известиле дека истата не е избришана од Централен Регистар. За тврдењето на овластеното лице на управителот дека Билдинг Менаџер ДОО законски е назначен за управител на колективната станбена зграда, инспекторот констатираше дека и покрај тоа што законската процедура за назначување на управителот е исполнета, сепак тоа не ја намалува одговорноста за склучување на договорот без претходно бришење на заедницата. Инспекторот ги имал во предвид наводите на управителот дека истиот немал информација за постоењето на Заедницата и фактот дека ниту еден станар од зградата не доставил иницијатива за инспекциски надзор до инспекторот за истата работа, освен Претседателот, кој не доставил доказ дека ги информирал во било кој момент од склучувањето на договорот дека Заедницата е активна и дека тој е Претседател на истата. Исто така инспекторот како олеснителна околност го земал и фактот дека Претседателот знаел за склучувањето на договорот за вршење управувачки услуги бр. 03-36 од 01.03.2021 година, односно веќе скоро 4 години, што значи дека скоро 4 години пријавителот имал сознание дека Заедницата е активна а договор со управител е склучен спротивно на член 22 став 5 од Законот за домување, и прв пат во 12.2024 година доставува иницијативна за инспекциски надзор до Инспекторот за домување. За се погоре споменато е составен Записник за извршен вонреден инспекциски надзор Ип1

бр. 68-477 од 30.12.2025 година и Решение за Опомена Ип1 бр. 68-477 од 20.01.2025 година со рок од 8 дена за отстранувањето на недостатоците односно за бришење на Заедницата од Централен регистар.

При вршење на контролен надзор на ден 03.02.2025 година, е констатирано дека Заедницата на сопственици е сеуште активна од причина што, за бришење на истата пријава може да поднесе Претседателот на ЗС, односно пријавителот во случајов и истата мора да биде заверена со печат од Заедницата, и иако субјектот на надзор поднел пријава за бришење, добил Известување со бр. 30120250000516 од Централен регистар дека пријавата треба да се корегира согласно претходно кажаното. Констатирано е дека не е постапено по Решението за опомена Ип1 бр. 68-477 од 20.01.2025 година со Записник за контролен инспекциски надзор Ип1 бр. 68-477 од 03.02.2025 год.

Бидејќи нема начин да се корегира проблемот односно Заедницата не може да биде избришана од страна на избраната фирма за управување, инспекторот ќе го задолжи пријавителот да постапи согласно Одлуката на станарите за бришење на заедницата, а на субјектот на надзор со Решение му се надложува да го раскине договорот со колективната станбена зграда.

**ПРАВНА ПОУКА** : Против ова Решение незадоволната странка може да изјави Жалба до надлежниот орган за одлучување во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Општина Карпош под ИПбр. 68-477 од 04.02.2025 год.

ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ДОМУВАЊЕ

Богданка Милошевиќ Мучева, дипл.правн.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ*
***Одделение за комунална инспекција***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

ИП1Број: 68-477/2024
Датум: 05.02.2025 год.

Сектор инспекторат на Општина Карпош преку лиценциран општински инспектор за домување Богданка Милошевиќ Мучева со службена легитимација број 79–0001 ја разгледа поднесената Жалба ИП1бр. 68-477 од 04.02.2025 год. од страна на Кирил Каракиров со стан на ул. „[redacted], бр. [redacted], Скопје, доставена преку Општина Карпош до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочнатата постапка, изјавена против Решение за опомена ИП1бр. 68-477/2024 од 20.01.2025 год. и врз основа на член 107 став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ " бр. 124/15 и 65/18), го донесе следното :

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДБИВА поднесената Жалба** ИП1бр. 68-477 од 04.02.2025 год. од страна на Кирил Каракиров со стан на ул. „[redacted], бр.[redacted] Скопје, доставена преку Општина Карпош до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочнатата постапка, бидејќи е поднесена од неовластено лице
2. Жалбата против ова Решение не го одлага извршувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општински инспектор домување Богданка Милошевиќ Мучева, со службена легитимација број 79–0001, ја разгледа поднесената Жалба ИП1бр. 68-477 од 04.02.2025 год. од страна на Кирил Каракиров со стан на ул. „[redacted] бр.[redacted] Скопје, доставена преку Општина Карпош до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочнатата постапка, изјавена против Решение за опомена ИП1бр. 68-477/2024 од 20.01.2025 год. донесено на субјект на надзор Билдинг Менаџер ДОО Скопје.

При постапување на првостепениот орган согласно член 107 став 2 од Законот за општата управна постапка, органот утврдил дека жалбата е изјавена од неовластено лице, односно лицето кое ја поднело жалбата не е субјектот на надзор за кој е донесено спорното Решение за опомена. Исто така, лицето кое ја поднесува жалбата никогаш официјално го нема примено Решението за опомена ИП1 бр. 68-477/2024 од 20.01.2025 година, бидејќи истото се доставува само на субјектот на надзор, а пријавителот, во овој случај жалителот Кирил Карикиров е само известен при извршен разговор во канцелариите на Сектор Инспекторат, Општина Карпош, дека такво Решение е донесено од страна на инспекторот за домување.

Согласно член 107 став 3 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" бр. 124/15 и 65/18), поднесената жалба се одбива.

Жалбата против ова Решение не го одлага извршувањето на решението.

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**ПРАВНА ПОУКА :** Против ова Решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението преку првостепениот орган до државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Жалбата се таксира со 250.00 денари административна такса и се поднесува во три примероци.

Решено во Општина Карпош под ИПбр. 68 – 477/2024 од 05.02.2025 год.

ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОР ЗА ДОМУВАЊЕ

Богданка М. Мучева, дипл.прав
службена легитимација број 79–0001

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**ИП1 Број : 68-45**
**Датум : 04.02.2025 год.**

1) **Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор :**

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Јаневски Тихомир – Претседател на ЗС | |
| Седиште/ адреса на субјектот | ул. Драгиша Мишовиќ бр. [redacted], Скопје | |
| Адреса за е – пошта | / | |
| Телефон | [redacted] | |
| Матичен број на субјектот | [redacted] | |
| Даночен број на субјектот | / | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот : | | |
| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
| Јаневски Тихомир | [redacted] | |

2 ) **Податоци за инспекциски надзор :**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | | 2. ВОНРЕДЕН | |
| Датум на почеток на инспекциски надзор | 04.02.2025 год | 10.00 часот | |
| Назив на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Колективна станбена зграда | | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Колективна станбена зграда | | |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. Драгиша Мишовиќ бр[redacted], Скопје | | |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на ( да се заокружи основот) :**

1. Месечен план за работа на инспекциската служба за месец 02.2025 год.
2. Налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. __________ од __________ год.
3. Налог издаден од претседателот на Инспекциски совет, бр. __________ од __________ год.
4. Записник / Решение за извршен инспекциски надзор бр. __________ од __________ год.

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот) :**

1. Богданка Милошевиќ Мучева – општински инспектор за домување

5) **Предмет на инспекцискиот надзор:**

1. Предмет на надзорот е вршење на инспекциски надзор во врска со пријава бр. 68-306/1 од 14.01.2025 година од Верица Цолиќ со адреса на ул. Драгиша Мишовиќ бр. [redacted], Скопје, во врска со нејзино назначување како претставник во колективната станбена зграда од страна на управителот и за вршење надзор над работата на Претседателот на ЗС

6) **Во извршувањето на овој инспекциски надзор :**

1. ~~Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник~~
2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината) : вонреден надзор

7) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од :**

| Име и Презиме | Телефон | Е - пошта |
| --- | --- | --- |
| Јаневски Тихомир | [redacted] | |

8) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица :**

| | Име и Презиме | Својство |
| --- | --- | --- |
| 1. | / | |

9) **Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираат целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.**

10) **Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба :**

Од страна на Верица Цолиќ до општинскиот инспектор за домување е доставена иницијатива за инспекциски надзор бр. 68-306/1 од 14.01.2025 година, во која пријавува дека без нејзино знаење е назначен како член на одбор во зграга на ул. Драгиша Мишовиќ бр. [redacted], Скопје, каде и што живее, од страна на Претседателот на ЗС – Тихомир Јаневски и фирма управител Аеродом Дооел Скопје, кои

ја управуваат зградата. Исто така, пријавителката побарала при разговор со инспекторот да се провери склучувањето на договорот со фирмата управител како и да се изврши надзор врз Претседателот на ЗС и неговото непостапување во смисла на неповедување на постапка за присилна наплата на долг на станари кои не ги подмируваат редовно своите обврски спрема Заедницата на сопственици. За фирмата управител АЕРОДОМ ДОО Скопје веќе е поведена посебна инспекциска постапка.

